Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 18.10.2022

На 17.10.2022 во 14.50 часот во гостиварски Добридол, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 21-годишниот Е.Ф. од ова село поради сомнение дека деновиве извршил три тешки кражби во викенд куќа и два помошни објекта во Добридол. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно расчистување и документирање на случаите, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.10.2022 во 21.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.В.(20) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.10.2022 во 22.40 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Р.(28) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.10.2022 околу 21.50 часот во гостиварски Добридол, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода 21-годишниот А.Л. и 17-годишник од гостиварска Топлица, затоа што при нивен и преглед на патничко возило „фолксваген голф", со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, биле пронајдени марихуана, бела материја и нож. По целосно документирање на случајот на двајцата ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 18.10.2022 на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода В.И.(47) и Г.Т.(46), двајцата од Битола, затоа што кај нив бил пронајден и одземен шприц со наркотична дрога. По целосно документирање на случајот, против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 18.10.2022 во 01.10 часот од ул.„Војводинска" во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп го лишиле од слобода Р.С.(20) од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.10.2022 околу 14.24 часот во с.Кучково, скопско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Чашка го лишиле од слобода Н.С.(25) од Република Србија, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по член 215 и кривично дело „овозможување на употребе наркотични дроги", казниво по член 216 од Кривичниот законик. Лицето било предадено на полициски службеници во Полициската станица Ѓорче Петров за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.10.2022 во 01.40 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода К.А.(32) од Косово, затоа што бил баран со меѓународна потерница на Интерпол-Визбаден Германија. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Центар за понатамошна постапка.

На 17.10.2022 во 02.00 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници од Полициската станица Табановце при Регионалниот центар за гранични работи Север го привеле Ѕ.Љ.(24) од Скопје, затоа што при контрола било констатирано дека бројот на шасијата и другите документи за возилото „фолксваген туран", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, отстапувал од оригиналот. Лицето и возилото се предадени на полициски службеници во Полициската станица Ѓорче Петров за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.10.2022 во 01.40 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода К.А.(32) од Косово, затоа што бил баран со меѓународна потерница на Интерпол-Визбаден Германија. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Центар за понатамошна постапка.

На 17.10.2022 во 02.00 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници од Полициската станица Табановце при Регионалниот центар за гранични работи Север го привеле Ѕ.Љ.(24) од Скопје, затоа што при контрола било констатирано дека бројот на шасијата и другите документи за возилото „фолксваген туран", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, отстапувал од оригиналот. Лицето и возилото се предадени на полициски службеници во Полициската станица Ѓорче Петров за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерство за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (17.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 209 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 16 санкции, 23 мерки за прекршоци што ги прават пешаците, осум санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, осум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, седум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири санкции за возач почетник, седум мерки за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла)...

На 17.10.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа засилена акциска контрола на пешаци, во која вкупно се откриени 75 прекршоци (ТЕ-42 и ГВ-33). Во акциската контрола биле санкционирани и 27 други видови прекршоци (ТЕ-21 и ГВ-6).

На 17.10.2022 во времето од 09.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 51 прекршок и тоа сите за пренинување на улиците надвор од обележан пешачки премин. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 24 други видови прекршоци, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 9 санкции, 8 мерки за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило и по 1 возач почетник, некорректове сигурносен појас, непочитување првенство на минување, некорректве сигурносен појас и неносење заштитна кацига.

На 17.10.2022 во 08.07 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосницата од регионален пат Куманово-Липково и локален пат за с.Лопате, патничко возило „опел зафира", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Љ.Б.И.(28) од с.Слокомане, липковско, удрило во Љ.М.(54) од с.Лопате. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 17.10.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба, В.К.(53) од с.Трубарево, скопско, пријавила дека во с.Трубарево била касната од куче скитник.

На 17.10.2022 во 23.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.М.(38) од Скопје пријавил дека с.Горно Соње бил каснат од куче скитник.

На 17.10.202 година во Полициската станица во Кавадарци, Р.М.(59) од Кавадарци пријавил дека на ул.„Миле Вчков" бил каснат од куче скитник.

Денеска (18.10.2022) во 14.30 часот на ул.„Србија" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Р.(34) од Кочани, со живеалиште во Винница. Тој бил осуден на казна затвор од 20 години за сторени повеќе кривични дела „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, а бил баран по распишана централна потерница по наредба од Казнено-поправната установа Затвор Куманово и од Основен суд Винница за доиздржување на шест години и девет месеци од казната. Лицето ќе биде спроведено во надлежна казнено поправна установа за доиздржување на казната.

Денеска (18.10.2022) во 12.00 часот на ул.„Филип Втори Македонски", полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Д.(29) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година и 10 месеци за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено - поправна установа за издржување на казната.

На 17.10.2022 во 13.20 часот на ул.„Димитар Влахов" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип ги лишиле од слобода С.А.(28) и Р.А.(32), двајцата од Штип, затоа што при преглед на возилото во кое биле затекнати и кај С.А. била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против лицата ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.10.2022 полициски службеници од Полициската станица Радовиш во дворот на Е.Г.(34) од село Бучин, радовишко, пронашле и одделе огревни дрва за кои сопственикот не поседувал соодветна документација. Од вработени во Шумска полиција - Радовиш дрвата биле одземени и пренесени во кругот на Јавното претпријатие „Национални шуми", подружница Плачковица – Радовиш. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (17.10.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 153 возила. Од нив четири возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 57 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 96 надвор од населено место.

На 16.10.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Чаир, Г.М.(42) од Скопје пријавил дека на планината над с.Лубанци, скопско, управувајќи четириклучен со скопски регистарски ознаки, на кој сопатник бил неговиот малолетен син, се превртеле и паднале. По несреќата, двајцата биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде на малолетникот му биле констатирани телесни повреди, а на Г.М. му биле констатирани тешки телесни повреди. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ѓ.Т.(57) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „повреда на авторски права и сродни права". Призвеникот, во текот на 2022 година преку компјутерски средства неовластено објавувал, прикажувал, дистрибуирал и емитувал, односно нудел услуги на корисници поврзани со пристап до програмски сервис, спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги без да биде лиценциран оператор согласно член 56 од ЗАВМУ и без да е содржан во регистарот на даватели на такви услуги согласно член 57 од истиот закон. На 05.03.2022, при претрес во куќата, кој го користи како работилница, биле пронајдени две компјутерски кукишта со инсталирани апликации кои се користат за средување на листи од канали, осум андроид боксови за реемитување на ТВ канали, тетратки со податоци на клиенти кои купуваат канали и други предмети, меѓу кои пиштол марка ТТ и една рамка со осум куршуми, 116 куршуми калибар 7,62 мм, 15 ловни куршуми калибар 12мм, ловечка пушка „Damas Turc" калибар 12мм и 30 куршуми за ловечка пушка калибар 12мм.

На 18.10.2022 во 00.20 часот во Полициската станица Велес бил приведен и задржан К.Г.(26) од Велес, затоа што во полициската станица се обидел со остар предмет да ја нападне С.А.(23) од Велес. Имено, С.А. дошла во станицата да пријави нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка на 17.10.2022 околу 23.15 часот на ул. „Академик Пенчо Давчев" во Велес, за што од соблода биле лишени А.Ш.(34), Д.М.(33), С.М.(62), А.Г.(27) и А.К(24), сите од Велес, а во која учествуваа и К.Г.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.10.2022 во 01.54 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.Л.(51) од с.Волково, скопско, пријавила дека на 16.10.2022 околу 13.30 часот во двор од куќа во с.Волково, по претходно недоразбирање, била физички нападнатa со тврд предмет од Љ.Ј.(58) од с.Сарај, скопско, кого го познавала. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.10.2022 во 20.30 часот во ОВР Струга било пријавено дека пред угостителски објект во Струга, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.Ч.(39) и И.Ц.(34), двајцата од Струга, во која бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следа соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.М. (61) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.09.2022 на регионалниот пат Тетово-Јажинце, на место викано „Непроштенска Јурија", полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во возило комбе „фиат транзит" со со тетовски регистарски ознаки, управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 17.10.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Центар, Е.Б.(41) од Скопје пријавил дека околу 10.00 часот на паркинг на подрачје на Центар, Скопје, додека извршувал работни задачи како вработен во Градски паркинг, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од А.С.(47), А.Г.(34) и А.Г.(27), сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.10.2022 во 17.20 часот во СВР Охрид, Ш.Е.(38) од Охрид пријавил дека околу 15.30 часот во Охрид, по претходна расправија, бил физички нападнат од О.Ц. од Охрид. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.10.2022 во 16.30 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Рампо Левката" настанал пожар во стара напуштена библиотека. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп пожарот бил изгаснат, а притоа се повреди се здобил пожарникарот Д.Б.(45) од Прилеп, констатирани во Општа болница Прилеп. Увид извршила екипа од ОВР Прилеп.

На 17.10.2022 во 15.50 часот во СВР Куманово, А.М.(42) од Куманово пријавил дека околу 15.20 часот, во близина на угостителски објект на ул.„Октомриска револуција" во Куманово, Д..Н" и Т..Н" му упатиле закани, а Д..Н" фрлил остар предмет кон совозачката страна на неговото возило. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Г.(33) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.03.2022 на ул. „Доне Божинов", полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што кај него пронашле и одделе марихуана.

На 17.10.2022 во 18.30 часот во Полициското одделение Петровец, К.Ц.(25) од с.Долно Коњари, скопско, пријавил дека во с.Средно Коњари бил каснат од куче скитник.

На 17.10.2022 во 18.00 часот во СВР Охрид, Л.П.(35) од с.Скребатно пријавил дека на 11.10.2022 околу 23.00 часот во с.Лескоец, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.Т. од с.Лескоец и И.А. од с.Косел. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.10.2022 во 09.10 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.А.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Хаи Јован Шишко" била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Х.(59) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 13.09.2022 на регионалниот пат Бреница-Тетово, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во минибус „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, управуван од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.